**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР / GJYKATA THEMELORE DIBËR**

---

**ул. “Велко Влаховиќ’’ бб, 1250 Дебар | тел.046/831-600 |**
**e-mail: contact@osdebar.mk**
**rr. “Velko Vllahoviq’’ pn, 1250 Dibër | tel.046/831-600 |**

---



# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

## *ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВЕН СУД ДЕБАР ВО 2018 ГОДИНА*

## ВОВЕД

Основниот суд во Дебар, е основан за подрачјето на општините Дебар и Центар Жупа и согласно Законот за судови е суд со основна надлежност.

Тргнувајќи од работите и задачите од својата надлежност што произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија, законите, Меѓународните договори, Законот за судовите и Судскиот деловник, Судот во извештајната година судската власт ја извршуваше законито, навремено и непречено, со цел законито, економично и во разумен рок остварување на правата на граѓаните.

Во рамките на своите надлежности во извештајниот период, судот со професионално ангажирање на сите вработени работеше на целосна реализација на Планот за работа на Судот за 2018 година. Притоа, особено се посвети внимание на подобрување на квалитетот на работа на секој судија посебно и на судот како целина.

Во извештајната година се внимаваше и на транспарентноста во работењето и отвореноста на судот спрема граѓаните и средствата за јавно информирање со цел приближување на судот до граѓаните. Голема улога во тоа има Веб страната на судот на која се објавуваат податоци за работењето на судот (месечни извештаи, квартални извештаи и годишен извештај). Согласно Законот за управување со движење на предметите во судовите, на Веб страната на судот редовно се објавуваат донесените одлуки и рочишта за судење.

Во текот на извештајната година, беше посветено и на процесот на континуирана едукација на судиите и останатиот кадар (стручните судски службеници), преку можноста за присуство на советувања во организација на Академијата на судии и јавни обвинители на РСМ и други организатори, а со цел оспособување и за развој на нивната професионална кариера.

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД

Судот 2018 година ја започнал со вкупно **255** нерешени предмети од претходната година. Во текот на годината се примени **8717** предмети од кои 8682 новопримени и 35 повторно заведени предмети, така што вкупно во работа имало **8972** предмети. Од нив решени се **8664** предмети, а на крајот на годината нерешени останале вкупно 308 предмети од кои 297 новопримени и 11 повторно заведени предмети.

Имено, во 2018 година вкупно во работа имало **8972** предмети од кои **4599** предмети опфатени со ориентационата норма и 4045 предмети кои не се опфатени со ориентационата норма.

Во вкупната бројка во работа на судот не е опфатена бројката од **441** предмет судска управа.

Движењето на предметите на Основен суд Дебар во 2018 година се прикажани во следните табели:

*1. Табеларен преглед за предметно работење на ниво на суд*

| Нерешени на почетокот на 2018 г. | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***255*** | ***8682*** | ***35*** | ***0*** | ***8972*** | ***8664*** | ***308*** |

*2. Табеларен преглед на предмети судска управа*

| Нерешени на почетокот на 2018 г. | Новопримени предмети | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| ***0*** | ***441*** | ***0*** | ***441*** | ***441*** | ***0*** |

Споредено со 2017 година кога се примени во работа 7410 предмети , а во ова година се примени 8717 предмети, **покажува на фактот дека во 2018 година вкупниот обемот на работа на судот е зголемен за 1307 предмети или изразено во проценти за 14.9%.**

Ова зголемување се должи на зголемениот прилив на предмети и тоа од уписниците Заверки, Разни вонпарнични предмети, Кривичен совет и Извршување на прекршочни санкции.

Според бројот на примени и решени предмети, судот не го совладал приливот за 53 предмети. Во однос на предходната година заостатокот на предмети е зголемен за 53 предмети или 20.78 %.

**Според податоците во АКМИС системот, најголем број на нерешени предмети има од уписникот Оставина - предмети доверени во работа на нотар.**

Имено, во извештајниот период од предметите оставина, судот вкупно во работа имал 368 предмети, од кои 133 предмети пренесени од предходната година, од нив решени се 169 предмети, а на крајот на годината нерешени останале 199 предмети. **Во однос на претходната година по предметите оставина има зголемување на заостаокот за 63 предмети или 31.6%.**

Имено, до декември 2017 година функцијата нотар ја извршуваа двајца нотари, додека пак во извештајната година, функцијата нотар ја извршуваше еден нотар. Ваквата околност доведе до зголемување на заостаткот на предмети оставина кои се доверени во работа на нотар согласно ЗВП, кој заостаток се одрази и на ниво на суд.

### 1.1.1. Податоци за работа со предмети по уписник на ниво на суд

| *Предметно работење на ниво на суд во 2018 година, по уписник* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Уписник* | *Нерешени предмети на почеток* | *Примени нови предмети* | *Вкупно предмети во работа* | *Решени предмети* | *Остаток на предмети* |
| **Зав - Заверки** | 0 | 4075 | 4075 | 4075 | 0 |
| **ЗАМ - Замолници во граѓанска област** | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| **КПП - Предмети на предходна постапка** | 0 | 64 | 64 | 64 | 0 |
| **К - Кривични полнолетни** | 2 | 66 | 68 | 63 | 5 |
| **КР- Разни кривични предмети** | 0 | 2628 | 2628 | 2628 | 0 |
| **КС - Кривичен совет (вон претсрес)** | 1 | 119 | 120 | 120 | 0 |
| **КУИКП - Повикување на лица на издржување на казна затвор** | 34 | 42 | 76 | 45 | 31 |
| **И-ПРК - Извршување напрекршошни глоби и паушал** | 0 | 123 | 123 | 123 | 0 |
| **ЗАМ-К - Замолници кривична област** | 0 | 13 | 13 | 13 | 0 |
| **ПРК – Прекршочни предмети** | 14 | 381 | 395 | 395 | 0 |
| **МАЛВ-П - Парнични предмети мала вредност** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ПОВ.П - Повторување на парнична постапка** | 0 | 4 | 4 | 3 | 1 |
| **РО - Работни спорови** | 2 | 23 | 25 | 20 | 5 |
| **ПЛ1.П - Платни налози по приговор** | 2 | 5 | 7 | 7 | 0 |
| **ППНИ- Приговор против неправилности во извршување** | 0 | 27 | 27 | 27 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВПП - Вонпарнични предмети** | 2 | 35 | 37 | 34 | 3 |
| **О - Оставина** | 133 | 235 | 368 | 169 | 199 |
| **ИКП - Извршување на кривични парични казни и паушал** | 3 | 12 | 15 | 14 | 1 |
| **П1 - Имотни** | 30 | 48 | 78 | 40 | 38 |
| **П2 - Семејни** | 12 | 26 | 38 | 29 | 9 |
| **ПИ - Против извршување** | 0 | 4 | 4 | 4 | 0 |
| **О1 - Оставина по проговор** | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| **РВП - Разни вонапарнични предмети** | 0 | 718 | 718 | 718 | 0 |
| **ВПП1 - Физичка делба** | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 |
| **П4- Облигации** | 18 | 40 | 58 | 44 | 14 |
| **КС- ПРК** | 0 | 4 | 4 | 4 | 0 |
| **ИДС – Издавање на дозвола за извршување** | 0 | 17 | 17 | 17 | 0 |
| **РПП - Разни парнични предмети** | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| **ВКУПНО** | **255** | **8717** | **8972** | **8664** | **308** |

3. *Табеларен преглед на предметите од судска управа.*

| ***Движење на предметите Судска управа во 2018 г. по уписник*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Уписник*** | ***Нерешени предмети на почеток*** | ***Примени нови предмети*** | ***Вкупно предмети во работа*** | ***Решени предмети*** | ***Нерешени предмети*** |
| **СУ- Судска управа** | 0 | 403 | 403 | 403 | 0 |
| **СУ-ДОВ** | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| **УПП - Преставки и полалки** | 0 | 4 | 4 | 4 | 0 |
| **ИЗЗ – Изземање** | 0 | 21 | 21 | 21 | 0 |
| **СПИ - Слободен пристап до инф.од јавен карактер** | 0 | 12 | 12 | 12 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **441** | **441** | **441** | **0** |

### 1.1.2. Податоци за квалитет на работење на ниво на суд

Според податоците од АКМИС ситемот, во извештајниот период од второстепен суд примени се 84 предмети од кои во 66 предмети одлуката е потврдена, во 15 предмети одлуката е укината и во 3 предмети одлуката е преиначена.

Во однос на бројот на решени нормирани предмети, кој број изнесува 4599 предмети, квалитетот на решавање на ниво на суд е следниот: Потврдени 1.43 %, укинати 0.41 % и преиначени 0.06 %.

*4. Табеларен преглед на квалитетот на работење на ниво на суд*

| ***Решени предмети со норма*** | ***Потврдени*** | | ***Укинати*** | | ***Преиначени*** | | ***Отфрлени*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **4599** | **66** | **1.43** | **15** | **0.41** | **3** | **0.06** | **0** | **0** |

### 1.1.3. Податоци за вонредни правни лекови

Според податоците од АКМИС ситемот, во извештајниот период, состојбата со вонредни правни лекови е следната:

- вкупно предмети - 6;
- вкупно примени одлуки - 4;
- примени со одлука потврдена - 4

## 1.2. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТ НА НИВО НА ОДДЕЛЕНИЕ

### 1.2.1. Податоци за работа со предмети во Кривично одделение

Во Кривичното одделение, во извештајниот период вкупно во работа имало **3506** предмети, од кои **54** предмети се пренесени како нерешени од претходната година. Решени се **3469** предмети од кои **3492** новопримени предмети и 12 повторно заведени предмети. На крајот на годината нерешени останале вкупно **37** предмети од кои 35 новопримени и 2 повторно заведени предмети.

Во Кривичното одделение согласно распоредот за работа на судиите во Основниот суд во Дебар за 2018 година, постапувале тројца судии, во која бројка е и Претседателот на судот.

*5. Табеларен преглед на движење на предметите на ниво на Кривичното одделение во 2018 година*

| Нерешени на почетокот на 2018 г. | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| ***54*** | ***3439*** | ***13*** | ***3506*** | ***3469*** | ***37*** |

Во однос на претходната година кога Кривичното одделение во работа имало вкупно 3372 предмети, во извештајниот период обемот на работа зголемен е за 234 предмети, а тоа е резултат на зголемениот прилив на предмети и тоа кај преметите од уписниците КС-КР, ИПРК - Извршување на прекршочни казни и паушал, К - Кривични полнололетни и КУИКП предмети.

**Во однос на бројот на примени и решени предмети, приливот во кривичното одделение е совладан за 17 предмети.**

Во однос на претходната година, кога бројот на нерешени предмети изнесувал 54 предмети, во извештајната година бројот на нерешени предмети е намален за 17 предмети или 31.48 %.

### 1.2.2. Податоци за работа со предмети во Кривичното одделение по Уписник

| *Предметно работење на ниво на Кривичното одделение во 2018 година* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | ***Нерешени предмети на почеток од годината*** | ***Примени нови предмети*** | ***Предмети повторно во работа*** | ***Вкупно предмети во работа*** | ***Решени предмети*** | ***Нерешени предмети*** |
| **КПП** | 0 | 64 | 0 | 64 | 64 | 0 |
| **К** | 2 | 61 | 5 | 68 | 63 | 5 |
| **КР** | 0 | 2628 | 0 | 2628 | 2628 | 0 |
| **КС** | 1 | 113 | 6 | 120 | 120 | 0 |
| **КУИКП** | 34 | 42 | 0 | 76 | 45 | 31 |
| **ИПРК** | 0 | 123 | 0 | 123 | 123 | 0 |
| **ПРК** | 14 | 379 | 2 | 395 | 395 | 0 |
| **ИКП** | 3 | 12 | 0 | 15 | 14 | 1 |
| **КС-ПРК** | 0 | 4 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| **ЗАМ-К** | 0 | 13 | 0 | 13 | 13 | 0 |
| **ВКУПНО** | **54** | **3439** | **13** | **3506** | **3469** | **37** |

### 1.2.3. Податоци за квалитет на работење во Кривичното одделение

Според податоците од АКМИС системот, во извештајниот период, во Кривичното одделение, од страна на второстепен суд вратени се вкупно **33** предмети, од кои во 28 предмети одлуката е потврдена, во **4** предмети одлуката е укината и во **1** предмет одлуката е преиначена.

Во однос на бројот на решени нормирани предмети, кој број изнесува 3456 предмети, квалитетот на решавање на ниво на Кривичното одделение е следниот: потврдени 1.43 %, укинати 0.41 % и преиначени 0.06 %.

6. *Табеларен преглед на квалитетот на работење на ниво на кривичното одделение во 2018 година.*

| ***Решени предмети со норма*** | ***Потврдени*** | | ***Укинати*** | | ***Преиначени*** | | ***Отфрлени*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **3456** | **28** | **1.43** | **4** | **0.41** | **1** | **0.06** | **0** | **0** |

### 1.2.4. Податоци за работа со предмети во Граѓанското одделение

Во извештајниот период во Граѓанското одделение вкупно во работа по сите основи имало **5466** предмети, од кои **5267** предмети примени и **199** предмети се пренесени како нерешени од претходната година, при што вкупно се решени **5195** предмети, на крајот од годината нерешени останале **267** предмети, од кои **260** се новопримени и **11** повторно заведени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

*7. Табеларен преглед на движење на предметите на ниво на Граѓанското одделение на Основен суд Дебар во 2018 година*

| Нерешени на почетокот на 2018 г. | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| ***201*** | ***5243*** | ***24*** | ***5468*** | ***5197*** | ***271*** |

Во однос на претходната година во Граѓанското одделение, кога во работа имал вкупно 4006 предмети, обемот на работа во извештајниот период е зголемен за 1400 предмети. Приливот во извештајниот период во граѓанскиот оддел не е совладан за 70 предмети. Бројот на нерешени предмети на крајот на годината е зголемен за 71 предмет во однос на минатата година

Согласно Планот и распоредот за работа на Основниот суд во Дебар за 2018 година, во Граѓанското одделение постапуваа тројца судии, во која бројка е и Претседателот на судот.

### 1.2.5. Податоци за работа со предмети во Граѓански оддел

| Предметно работење на ниво на Граѓанското одделение во 2018 г. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
| **ЗАВ** | **0** | **4075** | **0** | **4075** | **4075** | **0** |
| **ЗАМ** | **0** | **2** | **0** | **2** | **2** | **0** |
| **ПОВ. П** | **0** | **4** | **0** | **4** | **3** | **1** |
| **РО** | **2** | **22** | **1** | **25** | **20** | **5** |
| **ПЛ1.П** | **2** | **7** | **0** | **9** | **9** | **0** |
| **ППНИ** | **0** | **26** | **1** | **1** | **27** | **0** |
| **ВПП** | **2** | **34** | **1** | **37** | **34** | **3** |
| **О** | **133** | **235** | **0** | **368** | **169** | **199** |
| **П1** | **30** | **37** | **11** | **78** | **40** | **38** |
| **П2** | **12** | **25** | **1** | **38** | **29** | **9** |
| **ПИ** | **0** | **2** | **2** | **4** | **4** | **0** |
| **РВПП** | **0** | **718** | **0** | **718** | **718** | **0** |
| **ВПП2** | **2** | **2** | **0** | **4** | **2** | **2** |
| **П4** | **18** | **33** | **7** | **58** | **44** | **14** |
| **О1** | **0** | **2** | **0** | **2** | **2** | **0** |
| **ИДС** | **0** | **17** | **0** | **17** | **17** | **0** |
| **РПП** | **0** | **2** | **0** | **2** | **2** | **0** |
| **ВКУПНО** | **201** | **5243** | **24** | **5468** | **5197** | **271** |

### 1.2.6. Податоци за квалитет на работење во Граѓанското одделение

Во извештајната година во Граѓанското одделение на Основниот суд во Дебар според податоците од АКМИС системот од страна на второстепениот суд, примени се 51 предмети од кои во 38 предмети одлуката е потврдена, во 10 предмети одлуката е укината и во 1 предмет одлуката е преиначена.

Во однос на бројот на решени нормирани предмети, кој број изнесува 951 предмет, квалитетот на решваање на ниво на Граѓанското одделение е следниот: потврдени 3.99 %, укинати 1.05 % и преиначени 0.1 %.

8. *Табеларен преглед на квалитетот на работење во Граѓанското одделение во 2018 гдоина*.

| Решени предмети со норма | Потврден | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **951** | **38** | **3.99** | **10** | **1.05** | **1** | **0.10** | **0** | **0** |

## 1.3. ПОДАТОЦИ ЗА ОСТАТОК НА ПРЕДМЕТИ И СТАРИ ПРЕДМЕТИ

### 1.3.1. Заостаток на предмети

Заостатокот на предмети на крајот на 2017 година, изнесувал 255 предмети, додека заостатокот на крајот на извештајната 2018 година изнесува 308 предмети, што значи заостатокот е зголемен за 53 предмети односно за 31.6 % по однос на претходната година.

| **Заостаток на предмети по уписник и години на ниво на суд во 2019 г.** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | **Години** | | | | | | | | | | | |
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Вкупно |
| **ВПП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 |
| **К** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 5 |
| **КУИКП** | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 15 | 4 | 7 | 31 |
| **П1** | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 11 | 21 | 38 |
| **П2** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 8 | 9 |
| **П4** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 11 | 14 |
| **ПОВ.П** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **РО** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 |
| **ИКП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **ВПП2** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| **О** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 7 | 23 | 25 | 50 | 91 | 199 |
| **ВКУПНО** | **2** | **0** | **0** | **3** | **0** | **2** | **8** | **29** | **42** | **70** | **152** | **308** |

### 1.3.2. Податоци за стари предмети

Во извештајниот период, по сите основи вкупно во работа Судот имал **112** стари предмети од кои 53 пренесени од претходната година. Од овие предмети решени се 25 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 87 предмети, од кои 1-еден кривичен полнолетни, 20-дваесет КУИКП, 58-педесет и осум оставина, 7-седум П1-имотни и 1-еден П4-облигации.

Движењето на старите предмети искажано е во следната табела:

| Движење на стари нерешени предметина ниво на суд по уписник во 2018 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
| **К** | **о** | **2** | **2** | **1** | **1** |
| **КС** | **0** | **4** | **4** | **4** | **0** |
| **КУИКП** | **9** | **16** | **25** | **5** | **20** |
| **ВПП** | **0** | **1** | **1** | **1** | **0** |
| **П1** | **4** | **6** | **10** | **3** | **7** |
| **П4** | **0** | **3** | **3** | **2** | **1** |
| **ВПП2** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| **О** | **39** | **27** | **66** | **8** | **58** |
| **ВКУПНО** | **53** | **59** | **112** | **25** | **87** |

## 1.4. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И СУДИИТЕ НА ОСНОВЕНИОТ СУД ВО ДЕБАР ВО 2018 Г.

### 1.4.1. Податоци за работа со предмети на Претседателот на судот, судијата ILIR ISENI

Основниот суд во Дебар, извештајната година ја започна со вршител на должноста Претседател на судот, извршувана од судијата ILIR ISENI. Со Одлука на Судски совет на Република Македонија под бр.08-1464/3 од 26.11.2018 година, функцијата Претседател на судот ја извршува судијата ILIR ISENI.

Во извештајната година, Претседателот на судот, судијата ILIR ISENI, постапувал по и решил 7267 предмети во надлежност на претседател на суд.

Согласно Планот и распоредот за работа на Основен суд Дебар, Претседателот на судот, судијата ILIR ISENI, покрај работите во надлежност на претседател на судот, постапувал и како судија во граѓански оддел и тоа: по предметите од уписниците П.ПОВ, РО, ППНИ, ВПП, П1, П2-семејно насилство, П4, П5, ПИ, О1, РВПП, ВПП2-физичка делба, ИДС и РПП.

Претседателот на судот судијата ILIR ISENI, како судија во извештајната година вкупно во работа имал **364** предмети, од кои **17** предмети пренесени од претходната година. Решил **352** предмети, а нерешени останале **12** предмети.

**Во однос на примени и решени предмети, Претседателот на судијата ILIR ISENI го има совладано приливот на предмети. Во однос на претходната година, го има намалено заостатокот за 5 предмети.**

#### 1.4.1.1. Податоци за работа со предмети по уписник

Предметно работење на Претседателот на судот, судијата ILIR ISENI во 2018 година прикажано е во следниот табеларен преглед.

| *Предметно работење на Претседателот на судот, судијата ILIR ISENI, во 2018 година* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | ***Нерешени предмети на почеток*** | ***Примени нови предмети*** | ***Вкупно предмети во работа*** | ***Решени предмети*** | ***Остаток на предмети*** |
| **ЗАВ** | **0** | **4075** | **4075** | **4075** | **0** |
| **КР** | **0** | **2630** | **2630** | **2630** | **0** |
| **КС** | **1** | **116** | **117** | **117** | **0** |
| **П.ПОВ** | **0** | **3** | **3** | **3** | **0** |
| **РО** | **0** | **4** | **4** | **4** | **0** |
| **ППНИ** | **0** | **27** | **27** | **27** | **0** |
| **ВПП** | **0** | **15** | **15** | **15** | **0** |
| **П1** | **2** | **0** | **2** | **1** | **1** |
| **П2** | **0** | **1** | **1** | **1** | **0** |
| **О1** | **0** | **2** | **2** | **2** | **0** |
| **РВП** | **0** | **717** | **717** | **717** | **0** |
| **ВПП2** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| **П4** | **13** | **33** | **46** | **35** | **11** |
| **КС-прк** | **0** | **4** | **4** | **4** | **0** |
| **ИДС** | **0** | **14** | **14** | **14** | **0** |
| **РПП** | **0** | **2** | **2** | **2** | **0** |
| **ВКУПНО** | **17** | **7614** | **7631** | **7619** | **12** |

#### 1.4.1.2. Податоци за квалитет на работење на Претседателот на судот, судијата ILIR ISENI

Во извештајниот период од обжалени и вратени предмети од второстепениот суд, вкупно се **37** предмети, од кои во 29 предмети одлуката е потврдена, во 2 предмети одлуката е преиначена, и во 6 предмети одлуката е укината.

Во однос на бројот на вкупно решени нормирани предмети, кој број изнесува 3548 предмети, квалитетот на решавање на Претседателот на судот судијата ILIR ISENI е следниот: потврдени 0.81 %, укинати 0.16 % и преиначени 0.05 %.

*9. Табеларен преглед на квалитетот на работењето на Претседателот на судот, судијата ILIR ISENI, во 2018 година.*

| ***Решени предмети со норма*** | ***Потврдени*** | | ***Укинати*** | | ***Преиначени*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **3548** | **29** | **0.81** | **6** | **0.16** | **2** | **0.05** |

### 1.4.2. <u>Податоци за работа со предмети на судијата Дамјан Илоски</u>

Согласно Планот и распоредот за работа на Основен суд Дебар за 2018 година, судијата Дамјан Илоски постапувал по предметите од уписниците П1-имотни, П.ПОВ, РО, П4-облигациони, ПЛ1.П, РВПП и КС-кривичен совет.

Во извештајната година судијата по сите основи вкупно во работа имал 99 предмети, од кои 31 предмет пренесени од претходната година. Решил 59 предмети, на крајот на годината нерешени останале 40 предмети.

**Во однос на примени и решени предмети, судијата Дамјан Илоски не го има совладано приливот на предмети.** Во однос на претходната година има заостаток за 9 предмети или 29.03%.

#### 1.4.2.1. Податоци за работа со предмети на судијата по уписник

| ***Предметно работење на Судијата Дамјан Илоски во 2018 година*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | ***Нерешени предмети на почеток*** | ***Примени нови предмети*** | ***Вкупно предмети во работа*** | ***Решени предмети*** | ***Остаток на предмети*** |
| **П.ПОВ** | **0** | **1** | **1** | **0** | **1** |
| **РО** | **1** | **15** | **16** | **11** | **5** |
| **П1** | **26** | **43** | **69** | **36** | **33** |
| **ПЛ1.П** | **1** | **3** | **4** | **4** | **0** |
| **РВПП** | **0** | **1** | **1** | **1** | **0** |
| **П4** | **3** | **2** | **5** | **4** | **1** |
| **КС** | **0** | **3** | **3** | **3** | **0** |
| **ВКУПНО** | **31** | **68** | **99** | **59** | **40** |

#### 1.4.2.2. Податоци за квалитет на работење на судијата

Според податоците во АКМИС системот, во извештајниот период од обжалени и вратени предмети од второстепен суд, вкупно се 13 предмети, од кои во 9 предмети одлуката е потврдена и во 4 предмети со одлука укината.

Во однос на бројот на решени нормирани предмети, кој број изнесува 59 предмети, квалитетот на решавање на решавање на предметите кај судијата Дамјан Илоски е следниот: потврдени 15.25 % и укинати 6.77 %.

10. *Табеларен преглед на квалитетот на работењето на судијата Дамјан Илоски во 2018 година.*

| ***Решени предмети со норма*** | ***Потврдени*** | | ***Укинати*** | | ***Преиначени*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **59** | **9** | **15.25** | **4** | **6.77** | **0** | **0** |

### 1.4.3. Податоци за работа со предмети на судијата Оруч Абазовски

Согласно Планот и распоредот за работа на Основен суд Дебар за 2018 година, судијата Оруч Абазовски постапувал по предметите од уписниците КПП, Кривични полнолетни, КУИКП, ИПРК, ЗАМ-К, ПРК, ИКП и ППНИ.

Во извештајниот период судијата Оруч Абазовски по сите основи вкупно во работа имал 694 предмети, од кои 50 предмети пренесени од претходната година. Решил 659 предемети, на крајот на годината нерешени останале 35 предмети.

#### 1.4.3.1. Податоци за работа со предмети на судијата по уписник

| **Предметно работење на Судијата Оруч Абазовски во 2018 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток на предмети** |
| **ЗАВ** | **0** | **2** | **2** | **2** | **0** |
| **КПП** | **1** | **34** | **34** | **34** | **0** |
| **К** | **2** | **66** | **68** | **63** | **5** |
| **КУИКП** | **34** | **37** | **71** | **41** | **30** |
| **И-ПРК** | **0** | **94** | **94** | **94** | **0** |
| **ПРК** | **14** | **374** | **388** | **388** | **0** |
| **ИКП** | **0** | **9** | **9** | **9** | **0** |
| **ЗАМ-К** | **0** | **13** | **13** | **13** | **0** |
| **ВКУПНО** | **50** | **644** | **694** | **659** | **33+2=35** |

**Во однос на бројот на примени и решени предмети, судијата Оруч Абазовски го има совладано приливот на предмети**. Во однос на бројот на нерешените предмети од претходната година, во извештајната година судијата има намалување на заостатокот за 15 предмети.

### 1.4.3.2. Податоци за квалитет на работење на судијата

Во извештајниот период од обжалени и вратени предмети од второстепен суд, вкупно се 34 предмети, од кои во 21 предмет одлуката е потврдена, во 2 предмети одлуката е укината, и во 1 предмет одлуката е преиначена.

Во однос на бројот на решени нормирани предмети, кој број изнесува 951 предмет, квалитетот на решваање предметите на судијата Оруч Абазовски е следниот: потврдени 3.2%, укинати 0.31 % и преиначени 0.15 %.

*11. Табеларен приказ на квалитетот на работењето на судијата Оруч Абазовски во 2018 година.*

| ***Решени предмети со норма*** | ***Потврдени*** | | ***Укинати*** | | ***Преиначени*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **644** | **21** | **3.2** | **2** | **0.31** | **1** | **0.15** |

### 1.4.4. Податоци за работа со предмети на судијата Мерим Марку

Согласно Планот и распоредот за работа на Основен суд Дебар за 2018 година, судијата Мерсим Марку постапувал по предметите од уписниците П1-имотни, П2-семејни, П.ПОВ, РО, П4-облигациони, ПЛ1.П, РВПП и во кривичното одделени по предметите од уписниците КПП, ИПРК И ИКП.

Во извештајната година судијата по сите основи вкупно во работа имал 170 предмети, од кои 24 предмет пренесени од претходната година. Решил 146 прдемети, на крајот на годината нерешени останале 22 предмети.

Во однос на бројот на примени и решени предмети, **судијата Мерсим Марку го има совладано приливот на предмети.** Во однос на бројот на нерешени предмети од претходната година, во извештајната година за 2 предмети е намален заостатокот на нерешени предмети.

#### 1.4.4.1. Податоци за работа со предмети на судијата по уписник

| **Предметно работење на Судијата Мерсим Марку во 2018 година по уписник** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени нови предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Остаток на предмети** |
| **ЗАМ** | **0** | **2** | **2** | **2** | **0** |
| **КПП** | **0** | **30** | **30** | **30** | **0** |
| **КУИКП** | **0** | **5** | **5** | **4** | **1** |
| **ИПРК** | **0** | **29** | **29** | **29** | **0** |
| **ПРК** | **0** | **7** | **7** | **7** | **0** |
| **ИКП** | **3** | **3** | **6** | **5** | **1** |
| **РО** | **1** | **4** | **5** | **5** | **0** |
| **ПЛ1.П** | **1** | **2** | **3** | **3** | **0** |
| **ВПП** | **2** | **20** | **22** | **19** | **3** |
| **П1** | **2** | **5** | **7** | **3** | **4** |
| **П2** | **12** | **25** | **27** | **28** | **9** |
| **ПИ** | **0** | **4** | **4** | **4** | **0** |
| **ВПП2** | **1** | **2** | **3** | **1** | **2** |
| **П4** | **2** | **5** | **7** | **5** | **2** |
| **ИДС** | **0** | **3** | **3** | **3** | **0** |
| **ВКУПНО** | **24** | **146** | **170** | **148** | **22** |

#### 1.4.4.2. Податоци за квалитет на работење на судијата

Во извештајниот период од обжалени и вратени предмети од второстепениот суд, вкупно се 9 предмети, од кои во 6 предмети одлуката е потврдена и во 3 предмети одлуката е укината или 2.05 %.

Во однос на бројот на решени нормирани предмети, кој број изнесува 148 предмет, квалитетот на решавање предметите на судијата Мерсим Марку е следниот: потврдени 4.10 % и укинати 2.05 %.

*12. Табеларен преглед на квалитетот на работењето на судијата Мерсим Марку во 2018 година.*

| ***Решени предмети со норма*** | ***Потврдени*** | | ***Укинати*** | | ***Преиначени*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **146** | **6** | **4.10** | **3** | **2.05** | **0** | **0** |

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Согласно Одлуката на Судскиот Совет на РСМ бр.07-1103/1 пд 04.07.2012 година („Сл. Весник на РМ", бр.85/2012), бројот на судии во Основен суд Дебар утврдено е да ја вршат 5-пет судии, во која бројка влегува и претседателот на судот. **Во извештајниот период судиската функција ја извршуваа претседателот на судот и тројца судии.**

Во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Дебар, утврдено е стручните и адмнистративно-технишките работи и работите од судската полиција да ги вршат 53 извршители, од кои 1 раководител на кривичен и граѓански оддел, 19 стручни судски службеници, 23 помошно стручни судски службеници, 2 извршители на технички помошни работи и 8 припадници на судксата полиција.

Заклучно со 31.12.2018 година, бројот на пополнети работни места во судот е со 24 извршители, од кои 6 стручни судски службеници, 13 административни службеници, 4 припадници на судската полиција и 1 хигеничар

Во текот на извештајната година едно работно место е упразнето и тоа самостоен референт – книговодител, поради отказ. Заради непречено вршењето на работите од книговотствената служба на судот, планирано е пополнување на  работно место во првото тромесечие од 2019 година.

Судот предвидува во Годишниот план за вработување, покрај планирани нови вработување, по пат на јавен оглас, да се врши унапредување на судските службеници по пат на интерен оглас и тоа за следните работни места: Виш судски советник, Судски советник (2 извршители), Советник информатичар, Виш судски соработник (2 извршители), Судски соработник, Самостоен референт – технички секретар на претедателот на судот, Самостоен судски референт, Виш судски референт, Судски референт.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Претседателот и судиите секојдневно се среќаваа и разменуваа мислење за тековните проблеми и притоа ја нагласуваа потребата од ажурност во работењето, квалитетот и односот на вработените со странките.

Еднаш месечно се одржуваше седница на судиите на која се разгледуваше месечниот извештај за работата а се расправаше и за проблемите кои настануваат во текот на работењето, со посебен осврт на правилната примена на правните прописи во врска со предметното работење.

Во тој контекст секогаш заеднички се разгледуваа вратените предмети по жалба од Апелационен суд, а по укинатите предмети се заземаа ставови за причинините за нивно укинување.

Во судот стручните соработници се овластени за следење на судската пракса.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Согласно чл.4 и чл.12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.Весник на Р.Македпнија“ бр.13 од 01.02.2006 година, бр.86/08 од 14.07.2008 година, бр.6 од 15.01.2010 година, бр.42 од 03.03.2014 година, бр.148/15 од 31.08.2015 година и бр.55/16 од 22.03.2016 година) домашните и странските правни и физички лица имаат право на слободен пристап до информациите од јавен карактер, кои се однесуваат на работата на овој суд.

Во извештајната 2018 година, согласно погорецитираниот закон, до овој суд се доставени вкупно 12 (дванаесет) барањаа по кои позитивно е одговорено.

Во извештајната година на Веб-страната на судот, објавени се 118 анонимизирани одлуки.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

АКМИС програмата од страна на вработените се користи целосно во сите сегменти од работењето и сите потребни месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи се генерираат електронски.

Во судот има една судница во која е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно Законот за парнична постапка. Истата редовно се користи од страна на судиите кои постапуваат по граѓански предмети, според упатството за тонско снимање.

Во однос на електронската достава, во овој извештаен период не се пријавени никакви проблеми и таа се спроведува непречено, само кон оние адвокати кои се имаат регистрирано на порталот е-достава. Воедно, се врши и електронскиот прием на писмена во Судот, за таа цел инсталиран е сервер за скенирање на документи и компјутер со скенер за приемниот шалтер, кое исто така се спроведува без никакви проблеми.

Судот располага со сервер од типот Fujitsu кој ги задоволува потребите за непречено работење.

Од компјутерска опрема судот има 22 компјутери, од кои 8 компјутери треба да се заменат со нови, бидејќи истите се од 3-трета генерација, 1 мрежен мултифункционален фотокопир и 10 локални принтери.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Судската зграда на Основниот суд Дебар е на ул.“Велко Влаховиќ’’ бр.бб во Дебар. Состојбата со работни простории  во судот во новиот дел од судската зграда се добри, тука се сместени судниците и кабинетите на судиите.

Работните простори во стариот дел од зградата наменети за админитстрацијата, не се во добра состојба и има потреба од нивно реновирање поради оштетувања на подлогата паркет и стара столарија (врати и прозори). Поради потребата од реновирање на просторите во стариот дел на судската зграда, во 2019 година се планира реновирање на истите.

Покрај тоа потребно е да се изврши реновирање на кровот на зградата во стариот дел, бидејќи при врнжи има протечување на кровот, кое пак доведува до оштетување на таваните во канцелариите на административните службеници.

Судската зграда се обезбедува физички од страна на судската полиција, и тоа од 07:30 до 15:30 часот и од 23:30 до 07:30 часот, и е под видео надзор.

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно Годишниот план за јавни набавки на Основен суд Дебар за 2018 година, беа спроведени јавни набваки, во купен износ од 626,097 денари и тоа:

- Јавна набавка на стоки - канцелариски материјали, во вкупен износ од 151.146 денари.

- Јавна набавка на стоки – печатени материјали, во вкупен износ од 45.500 денари,

- Јавна набавка на стоки – тонери, во вкупен износ од 72.640,00денари.

- Јавна набавка на услуги - осигурување на објект и техничка опрема, во вкупен износ од 5.415,00 денари.

- Јавна набавка на услуги – градежни работи саниарње на просторија наменета за адвокати, вкупен износ од 34.196,00 денари, и

- Јавна набавка на стоки - гориво за греење – нафта ЕЛ, во вкупен износ од 277.080,00 денари.

### 7.1. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА

Планираниот односно одобрениот буџет на Основен суд Дебар за 2018 година и неговата реализација се искажани табеларно:

| *Ставка* | *Планиран буџет за 2018* | *Реализација* | *Остаток* | *Искористеност во проценти* |
|---|---|---|---|---|
| ***401*** | 9.618.249,00 | 9.615.015,00 | 3.234,00 | 99% |
| ***402*** | 3.555.033,00 | 3.555.033,00 | 0,00 | 100% |
| ***404*** | 50.700,00 | 49.867,00 | 833,00 | 98% |
| ***420*** | 4.000,00 | 3.970,00 | 30,00 | 99% |
| ***421*** | 1.250.000,00 | 999.824,00 | 250.176,00 | 80% |
| ***423*** | 390.000,00 | 303.001,00 | 86.999,00 | 78% |
| ***424*** | 70.000,00 | 14.544,00 | 55.456,00 | 20% |
| ***425*** | 350.000,00 | 118.791,00 | 231.209,00 | 34% |
| ***426*** | 30.000,00 | 14.188,00 | 15.812,00 | 47% |
| ***464*** | 76.314,00 | 76.314,00 | 0,00 | 0% |
| ***Вкупно*** | **15.394.296** | **14.750.547,00** | **643.749,00** | **95.8%** |

Основниот суд во Дебар, 2018 година ја започна со обврски спрема добавувачи во износ од 59.483,00 денари и истата ја заврши со обврски во износ од 13.490,00 денари.

Ако се земаат во предвид податоците од претходната година, заклучок е дека судот ја завршува годината со намалување на обврските према добавувачите што е резултат на добро планирање и економично трошење на одобрените средства.

**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ILIR ISENI с.р.**

**Изготвил:**
Мевмед Муратоски, с.р.
судски соработник.